Почитувани,

Пред вас се наоѓа второто изменето и дополнето издание на Прирачникот за внатрешна ревизија, кој има цел да претставува упатство за методите и техниките на внатрешната ревизија и алатка во извршувањето на секојдневните задачи и активности на внатрешните ревизори во субјектите од јавниот сектор во Република Македонија.

Прирачникот е изготвен во согласност со актуелната регулатива за внатрешна ревизија, прифатените меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија, како и најдобрите практики на ЕУ.

Прирачникот покрај основните упатства за методите и техниките за внатрешна ревизија, содржи и модели на работни документи, совети и примери за практична примена.

Прирачникот за внатрешна ревизија е задолжителен за внатрешните ревизори во јавниот сектор во Република Македонија, меѓутоа во деловите каде што тоа е нагласено, единицата за внатрешна ревизија во зависност од конкретната ситуација треба да направи соодветни прилагодувања.

Се надеваме дека Прирачникот ќе биде од полза, освен на внатрешните ревизори и на останатите вработени од јавниот сектор и пошироката јавност, кои имаат интерес за суштината и високите цели на внатрешната ревизија, како функција која и помага на организацијата да го подобри работењето и искористувањето на сите расположиви ресурси на економичен, ефикасен и ефективен начин.

Овој Прирачник ќе биде објавен на веб страната на Министерството за финансии *www.finance.gov.mk*, а Централната единица за хармонизација ќе го ажурира и подобрува, при што укажувањата во оваа насока секогаш ќе бидат добредојдени.

Со почит,

Бр. 15-44221/1

16.12. 2010 година

Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**

**м-р Зоран Ставрески**